Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА РЕВИДИРАНИОТ ПРОТОКОЛ ЗА МАЛИ КОЛИЧЕСТВА КОН ДОГОВОРОТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА АГЕНЦИЈА ЗА АТОМСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ПРИМЕНА НА БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРОТ ЗА НЕШИРЕЊЕ НА НУКЛЕАРНО ОРУЖЈЕ

Се прогласува Законот за ратификација на Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 март 2007 година.

Бр. 07-1378/1
28 март 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА РЕВИДИРАНИОТ ПРОТОКОЛ ЗА МАЛИ КОЛИЧЕСТВА КОН ДОГОВОРОТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА АГЕНЦИЈА ЗА АТОМСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ПРИМЕНА НА БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРОТ ЗА НЕШИРЕЊЕ НА НУКЛЕАРНО ОРУЖЈЕ

Член 1

Се ратификува Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје, донесен од страна на Меѓународната агенција за атомска енергија во Виена.

Член 2

Со Ревидираниот протокол се заменува Протоколот кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје, објавен во “Службен весник на Република Македонија“ број 13 од 2002 година.

Член 3

Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје, во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик, гласи:

# SMALL QUANTITY PROTOCOL (revised)

To the Agreement between the Republic of Macedonia and the International Atomic Energy Agency for the Application of Safeguards in Connection with the Treaty on the Non-Proliferation of Nuclear Weapons

I. (1) Until such time as the Republic of Macedonia

(a) Has, in peaceful nuclear activities within its territory or under its jurisdiction or control anywhere, nuclear material in quantities exceeding the limits stated, for the type of material in question, in Article 37 of the Agreement between the Republic of Macedonia and the Agency for the Application of Safeguards in Connection with the Treaty on the Non-Proliferation of Nuclear Weapons (hereinafter referred to as "the Agreement"), or

(b) Has taken the decision to construct or authorize construction of a facility, as defined in the Definitions,

the implementation of the provisions of Part II of the Agreement shall be held in abeyance, with the exception of Articles 33-39, 41, 49, 50, 60, 62, 68, 69, 71, 73-77, 83, 85-91, 95 and 96.

(2) The information to be reported pursuant to paragraphs (a) and (b) of Article 34 of the Agreement may be consolidated and submitted in an annual report; similarly, an annual report shall be submitted, if applicable, with respect to the import and export of nuclear material described in paragraph (c) of Article 34.

(3) In order to enable the timely conclusion of the Subsidiary Arrangements provided for in Article 39 of the Agreement, the Republic of Macedonia shall

a) Notify the Agency sufficiently in advance of its having nuclear material in peaceful nuclear activities within its territory or under its jurisdiction or control anywhere in quantities that exceed the limits, as referred to in section 1 hereof, or

b) Notify the Agency as soon as the decision to construct or to authorize construction of a facility has been taken,

whichever occurs first.

**Протокол за мали количества (ревидиран) кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната Агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје**

I. (1) Се додека Република Македонија

(а) не поседува, за мирнодопски нуклеарни активности на своја територија или под нејзина јурисдикција или контрола било каде, нуклеарен материјал кој ги надминува воспоставените граници според видот на материјал во прашање, во член 37 на Договорот меѓу Република Македонија и Агенцијата за примена на заштитини мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје (во натамошниот текст ,,Договорот,,), или

(б) не донесе одлука да изгради или дозволи изградба на постројка, на начин дефинирана во Дефинициите,

имплементацијата на одредбите во Дел II од Договорот ќе се смета дека е почитувана, со исклучок на членовите 33-39, 41, 49, 50, 60, 62, 68, 69, 71, 73-77, 83, 85-91, 95 и 96.

(2) Информациите за кои треба да се извести согласно ставовите а и б од член 34 од Договорот може да бидат консолидирани и доставени како годишен извештај; на сличен начин, годишен извештај ќе биде поднесен, доколку е тоа применливо, и во врска со увозот и извозот на нуклеарен материјал опишан во ставот в од член 34.

(3) За да се овозможи навремено склучување на помошни договори според членот 39 на Договорот, Република Македонија ќе

(а) ја извести Агенцијата доволно однапред доколку има нуклеарен материјал за мирнодопски нуклеарни активности на своја територија или под нејзина јурисдикција или контрола било каде во количества кои ги надминуваат границите одредени во став 1, или

(б) ја извести Агенцијата веднаш штом ќе биде донесена одлука да изгради или дозволи изградба на постројка,

кое и да се случи побрзо.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.